Примено: 14.01.2025
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 08 | 2611 | | |


Врз основа на член 49 од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.69/2013, 188/2013 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/2020), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 10.01.2025 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ УТВРДУВА ЗА УСПЕШНА** понудата за преземање на акции издадени од Герас Цунев Трговија АД Струмица дадена од преземачот ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица.
2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** преземачот од точка 1 да го објави ова решение на начин како што е објавена понудата за преземање.
3. Жалбата изјавена против ова решение не го одложува неговото извршување.
4. Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Северна Македонија".

## Образложение

На ден 15.11.2024 година, брокерската куќа Инвестброкер АД Скопје, како овластено правно лице кое согласно член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва го застапува преземачот ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица (во понатамошниот текст: преземач), до Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија достави Барање за добивање

Në bazë të nenit 49 të Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 69/2013, 188/2013 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut numër 31/2020), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më datë 10.1.2025, miratoi

## AKTVENDIM

1. VËRTETOHET E SUKSESSHME oferta për marrjen në zotërim të aksioneve të emetuara nga “Geras Cunev Trgovija” ShA Strumicë, dhënë nga ofruesi “DGI Total Inzhenering” ShPKNjP Strumicë.
2. NGARKOHET ofruesi nga pika 1 që të publikojë këtë Aktvendim në mënyrë siç është publikuar oferta për marrje.
3. Ankesa e paraqitur kundër këtij Aktvendimi nuk e vonon ekzekutueshmërinë e tij.
4. Ky Aktvendim do të botohet në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

## Arsyetim

Më datë 15.11.2024, Shtëpia e brokerimit Invesbroker ShA Shkup, si person i autorizuar juridik i cili në përputhje me nenin 20 të Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare e përfaqëson ofruesin DGI Total Inzhenering ShPKNjP Strumicë (në tekstin e mëtejmë: ofruesi) drejtuar Komisionit të Letrave me Vlerë të Republikës së Maqedonisë së Veriut dorëzoi Kërkesë për fitimin e lejes për ofertë për marrjen në

дозвола за понуда за преземање на акциите издадени од Герас Цунев Трговија АД Струмица (во натамошниот текст: целно друштво).
Со Решение број УП 10-131 од 29.11.2024 година Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 29.11.2024 година на ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица,му издаде дозвола за понуда за преземање на акции издадени од Герас Цунев Трговија АД Струмица. Понудата за преземање дадена од ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица се однесува на 18.373 обични акции со право на глас издадени од Герас Цунев Трговија АД Струмица, по цена од 310 денари по акција. Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на денот на објавување на понудата за преземање и завршува 28 календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.
На ден 29.11.2024 година, преку брокерската куќа Инвестброкер АД Скопје, на преземачот преку пошта му беше испратено Решението број УП1 10-131 од 29.11.2024 година за давање дозвола за понуда за преземање на акции издадени од Герас Цунев Трговија АД Струмица. На 06.12.2024 година преземачот ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица преку брокерската куќа Инвестброкер АД Скопје се откажа од право на жалба против Решението број УП 10-130 од 29.11.2024 година за давање дозвола за понуда за преземање.

Во натамошниот тек од постапката, на ден 07.12.2024 година, брокерската куќа Инвестброкер АД Скопје, во име и за сметка на преземачот ја објави понудата за преземање на акции издадени од Герас Цунев Трговија АД Струмица во дневниот весник "Нова Македонија", а на ден 13.12.2024 година понудата беше објавена и во „Службен

zotërim të aksioneve të emetuara nga Geras Cunev Trgovija ShA Strumicë (në tekstin e mëtejmë: shoqëria e synuar).
Me Aktvendimin numër PA 10-131, datë 29.11.2024, Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e mbajtur më datë 29.11.2024 i dha leje DGI Total Inzhenering ShPKNjP Strumicë për ofertë për marrje të aksioneve të emetuara nga Geras Cunev Trgovija ShA Strumicë. Oferta për marrjen, e dhënë nga DGI Total Inzhenering ShPKNjP Strumicë u referohet 18.373 aksioneve të zakonshme me të drejtë vote të emetuara nga Geras Cunev Trgovija ShA Strumicë, me një çmim prej 310 denarë për aksion. Afati për pranimin e ofertës për marrje në kontroll fillon në ditën e publikimit të ofertës për marrje në kontroll dhe përfundon 28 ditë kalendarike pas fillimit të afatit për pranimin e ofertës për marrje në kontroll.

Më datë 29.11.2024, përmes Shtëpisë së brokerimit Investbroker ShA Shkup, me anë të postës i është dërguar ofruesit Aktvendimi numër PA1 10-131, datë 29.11.2024 për dhënie të lejes për ofertë për marrje në zotërim të aksioneve të emetuara nga Geras Cunev Trgovija ShA Strumicë. Më datë 06.12.2024, ofruesi DGI Total Inzhenering ShPKNjP Strumicë përmes Shtëpisë së brokerimit Investbroker ShA Strumicë hoqi dorë nga e drejta e ankimimit kundër Aktvendimit numër PA 10-130, datë 29.11.2024 për dhënie të lejes për ofertë për marrje.

Në rrjedhën e mëtejme të procedurës, më datë 07.12.2024, shtëpia e brokerimit Investbroker ShA Shkup, në emër dhe për llogari të ofruesit e publikoi ofertën për marrjen në zotërim të aksioneve të emetuara nga Geras Cunev Trgovija ShA Strumicë në gazetën ditore "Nova Makedonija", ndërsa më datë 13.12.2024 oferta u botua edhe në Gazetën Zyrtare të

весник на Република Северна Македонија" бр.249/2024. Понудата за преземање е објавена и на интернет страницата на Македонска Берза АД Скопје заедно со Проспектот. Инаку, Проспектот за преземање е објавен и на интернет страницата на Комисијата за хартии од вредност и на интернет страницата на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Согласно со Понудата и Проспектот за преземање, рокот за прифаќање на понудата за преземање започна да тече на ден 07.12.2024 година, а како ден на завршување на рокот за прифаќање на понудата за преземање беше утврден денот 03.01.2025 година.

На ден 13.12.2024 година, врз основа на член 7 и член 32 од Законот за преземање на акционерски друштва, органот на управување на Герас Цунев Трговија АД Струмица објави мислење во врска со понудата за преземање на акции издадени од Герас Цунев Трговија АД Струмица дадена од ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица. Мислењето беше објавено во дневниот весник „Нова Македонија", како и во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 252/2024 од 13.12.2024 година.

На ден 12.12.2024 година, а врз основа на член 37 од Законот за преземање на акционерските друштва, до Комисијата е доставено известување со изјави од сите членови на Одборот на директори на Герас Цунев Трговија АД Струмица, во врска со откривање на работи поврзани со хартиите од вредност кои се предмет на Понудата за преземање на Герас Цунев Трговија АД Струмица.

Согласно член 47 став 1 од Законот за преземање на акционерските друштва, преземачот е должен во рок од три дена од истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање да објави

Republikës së Maqedonisë së Veriut nr.249/2024. Oferta për marrje është publikuar edhe në faqen e internetit të Bursës së Maqedonisë ShA Shkup së bashku me Prospektin. Përndryshe, Prospekti për marrje është publikuar edhe në faqen e internetit të Komisionit të Letrave me Vlerë dhe në faqen e internetit të Depozitarit Qendror të Letrave me Vlerë ShA Shkup.

Në përputhje me Ofertën dhe Prospektin për marrje në kontroll, afati për pranimin e Ofertës për marrje në kontroll filloi të rrjedh më datë 07.12.2024, ndërkaq si ditë e përfundimit të afatit për marrje në kontroll të Ofertës për marrje në kontroll u caktua data 03.01.2025.

Më datë 13.12.2024, në bazë të nenit 7 dhe nenit 32 të Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, organi i administrimit i Geras Cunev Trgovija ShA Strumicë publikoi mendim në lidhje me ofertën për marrjen e aksioneve të emetuara nga Geras Cunev Trgovija ShA Strumicë, dhënë nga DGI Total Inzhenering ShPKNjP Strumicë. Mendimi u publikua në gazetën ditore "Nova Makedonija", si dhe në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 252/2024, datë 13.12.2024.

Më datë 12.12.2024, në bazë të nenit 37 të Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, drejtuar Komisionit është dorëzuar njoftim me deklarata nga të gjithë anëtarët e Bordit të drejtorëve të Geras Cunev Trgovija ShA Strumicë, në lidhje me shpalosjen e punëve lidhur me letrat me vlerë të cilat janë lëndë e Ofertës për marrjen në kontroll të Geras Cunev Trgovija ShA Strumicë.

Në përputhje me nenin 47 paragrafi 1 i Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, ofruesi është i obliguar që brenda tre dite nga përfundimi i afatit për pranimin e ofertës për marrje në kontroll, të publikojë njoftim për rezultatin e saj, i cili i përmban të dhënat në vijim: për çdo lloj të letrave me

известување за нејзиниот исход, кое ги содржи следните податоци: за секој вид на хартии од вредност, кои се предмет на таа понуда, вкупен број на лица кои ја прифатиле понудата, вкупна количина на хартии од вредност кои се предмет на прифатената понуда и процентуално учество на хартиите од вредност кои се предмет на прифатената понуда во вкупниот број на издадени хартии од вредност; изјава дека понудата е успешна, односно неуспешна и опис на причината за неуспех во случај кога се работи за неуспешна понуда за преземање. Согласно став 3 на овој член, во рок од три дена, известувањето за исходот преземачот е должен да го достави до Комисијата, овластениот депозитар и до Комисијата за заштита на конкуренцијата.
Обврската за известување за исходот од понудата за преземање согласно член 47 од Законот, од страна на преземачот, во однос на Комисијата за хартии од вредност е исполнета во целост, во утврдениот рок.

Имено, на ден 09.01.2025 година, согласно член 47 став 3 од Законот за преземање на акционерски друштва, преземачот ДГИ Тотал Инженеринг ДООЕЛ Струмица, до Комисијата за хартии од вредност достави Известување за исходот на понуда за преземање на акциите издадени од Герас Цунев Трговија АД Струмица.

Понудата за преземање е прифатена од страна на вкупно 2 акционери -сопственици на акции со право на глас во Герас Цунев Трговија АД Струмица, кои поседуваат вкупно 16.385 обични акции со право на глас издадени од Герас Цунев Трговија АД Струмица кои беа предмет на понудата за преземање што претставува 23,86% од вкупниот број на издадени акции со право на глас.

vlerë të cilat janë lëndë e asaj oferte, numrin total të personave të cilët e kanë pranuar ofertën, sasinë totale të letrave me vlerë të cilat janë lëndë e ofertës së pranuar dhe pjesëmarrjen procentuale të letrave me vlerë të cilat janë lëndë e ofertës së pranuar në numrin total të letrave me vlerë të emetuara; deklaratë se oferta është e suksesshme, respektivishit e mossukseshme dhe përshkrim i arsyes për mossukses në rast se bëhet fjalë për një ofertë të mossukseshme për marrje. Në përputhje me paragrafin 3 të këtij neni, brenda tre ditësh, njoftimin për rezultatin ofruesi është i obliguar që t'a dorëzojë deri te Komisioni, depozitari i autorizuar dhe deri te Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës. Detyrimi për njoftim për rezultatin nga oferta për marrje në përputhje me nenin 47 të Ligjit, nga ana e ofruesit, në raport me Komisionin e Letrave me Vlerë është përmbushur në tërësi, në afatin e përcaktuar.

Gjegjësisht, më datë 09.01.2025, në përputhje me nenin 47 paragrafi 3 i Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, ofruesi DGI Total Inzhenering ShPKNjP Strumicë, drejtuar Komisionit të Letrave me Vlerë dorëzoi njoftim për rezultatin e ofertës për marrje në zotërim të aksioneve të emetuara nga Geras Cunev Trgovija ShA Strumicë.

Oferta për marrje është pranuar nga ana e gjithsej 2 aksionarëve – pronarë të aksioneve me të drejtë vote në Geras Cunev Trgovija ShA Strumicë, të cilët zotërojnë gjithsej 16.385 aksione të zakonshme me të drejtë vote, të emetuara nga Geras Cunev Trgovija ShA Strumicë, të cilat ishin lëndë e ofertës për marrje, që paraqet 23,86% e numrit total të aksioneve të emetuara me të drejtë vote.

Во понудата за преземање не е утврден праг на успешност, односно најмала количина кој треба да биде прифатена за понудата за преземање да биде успешна. Врз основа на напреднаведеното, во известувањето за исходот се дава изјава дека понудата за преземање е успешна.

На ден 09.01.2025 година до Комисијата за хартии од вредност е доставен и доказ дека преземачот преку брокерската куќа Инвестброкер АД Скопје, на ден 04.01.2025 година доставил известување за исходот и до Комисијата за заштита на конкуренцијата и до Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, а согласно член 47 став 3 од Законот за преземање на акционерските друштва, како и доказ дека е уплатен надоместок за издавање на решение за утврдување на успешност на понудата за преземање утврден со Тарифникот на Комисијата.

Согласно член 47 став 1 од Законот за преземање на акционерски друштва, за исходот на понудата за преземање јавноста е известена од страна на преземачот, преку објава од ден 4-8 јануари 2025 година во дневниот весник „Нова Македонија", а доставен е и доказ дека ќе се изврши објава и во „Службен весник на Република Северна Македонија".

По утврдувањето на напреднаведената состојба, а во согласност со член 49 став 1 од Законот за преземање на акционерските друштва, Комисијата за хартии од вредност со Решение ја утврдува успешноста на понудата за преземање, најдоцна во рок од три работни дена по приемот на известувањето од член 47 став 3 точка 1 на овој закон.

Во согласност со член 49 став 2 од Законот за преземање на акционерските друштва, донесеното решение за успешност на

Në ofertën për marrje nuk është caktuar pragu i suksesshmërisë, respektivisht sasia më e vogël e cila duhet pranuar në mënyrë që oferta për marrje të jetë e suksesshme. Në bazë të së sipërpërmendurës, në njoftimin për rezultatin jepet deklaratë se oferta për marrje është e suksesshme.

Më datë 09.01.2025 drejtuar Komisionit të Letrave me Vlerë është dorëzuar edhe provë se ofruesi përmes Shtëpisë së brokerimit Investbroker ShA Shkup, më datë 04.01.2025 ka dorëzuar njoftim për rezultatin edhe deri te Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës dhe deri te Depozitari Qendror i Letrave me Vlerë ShA Shkup, ndërsa në përputhje me nenin 47 paragrafi 3 i Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, si dhe provë se është paguar kompensimi për lëshimin e Aktvendimit për vërtetimin e suksesshmërisë të ofertës për marrje, të përcaktuar me Tariforen e Komisionit.

Në përputhje me nenin 47 paragrafi 1 i Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, për rezultatin e ofertës për marrje në kontroll, publiku është njoftuar nga ana e ofruesit, përmes publikimit më datë 4-8 Janar 2025 në gazetën ditore "Nova Makedonija", ndërsa është dorëzuar edhe provë për publikim edhe në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Pas vërtetimit të gjendjes së sipërpërmendur, në përputhje me nenin 49 paragrafi 1 i Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, Komisioni i Letrave me Vlerë me Aktvendim e vërteton suksesshmërinë e ofertës për marrje në kontroll, jo më vonë se brenda tre ditë pune pas pranimit të njoftimit nga neni 47 paragrafi 3 pika 1 e këtij ligji.

Në përputhje me nenin 49 paragrafi 2 i Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, Aktvendimin e miratuar për suksesshmëri

понудата за преземање, Комисијата ќе го достави до преземачот, целното друштво, овластениот депозитар и овластената берза, а согласно ставот 3 на овој член понудувачот ова решение на Комисијата е должен да го објави на начин како што е објавена понудата за преземање.

Имајќи го предвид напреднаведеното, Комисијата за хартии од вредност врз основа на член 49 од Законот за преземање на акционерските друштва одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба непосредно до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен (поранешен назив: Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен) во рок од 15 работни дена од денот на приемот на истото.

të ofertës për marrje, Komisioni do e dorëzojë deri te ofruesi, shoqëria e synuar, depozitari i autorizuar dhe bursa e autorizuar, ndërsa në përputhje me paragrafin 3 të këtij neni, ofruesi këtë Aktvendim të Komisionit është i obliguar që t'a publikojë në mënyrë siç është publikuar oferta për marrje.

Duke pasur parasysh të sipërpërmendurën, Komisioni i Letrave me Vlerë në bazë të nenit 49 të Ligjit për Marrjen e Shoqërive Aksionare, vendosi si në dispozitivin e këtij Aktvendimi.

**KËSHILLË JURIDIKE:** Kundër këtij Aktvendimi mund të parashtrohet ankesë drejtuar Komisionit Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative, Procedurë nga Marrëdhënia e Punës dhe Mbikëqyrje Inspektuese në Shkallë të Dytë (emërtimi i mëparshëm: Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative dhe Procedurë nga Marrëdhënia e Punës në Shkallë të Dyte) brenda 15 ditë pune nga dita e pranimit së së njëjtit.

**УП 1 Број/ PA 1 Numër 10-131**
**Скопје/Shkup, 10.01.2025 година**

**Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија**
**Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**Претседател/Kryetarja**
**Mr.sc. Nora Aliti**